**З А П И С Н И К**

**од 19-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на ден 27 ми февруари 2023 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 19-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година;
2. Годишен Извештај на Општина Валандово за 2022 година;
3. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
4. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година;
5. Завршна сметкана ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2022 година;
6. Завршни сметки на СОУ„ГоцеДелчев” Валандово за 2022 година;
7. Завршни сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2022 година;
8. Завршни сметки на ООУ„СтрашоПинџур” Јосифово за 2022 година;
9. Завршни сметкина ЈОУДГ „Калинка” Валандовоза 2022 година;
10. Предлог – Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2023 година;
11. Предлог – Одлука за одобрување на средства на СОУ „Гоце Делчев” Валандовоза набавка на CNC Laser 6040;
12. Предлог – Одлука за одобрување на средства за финансиска поддршка за реализација на проектот – нова модна колекција на брендот ZANOV – “NOCTURNAL”.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.
Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно со 15 гласа ЗА беше усвоен.
Пред да се пристапи кон работа по усвоениот дневен ред беше отворена расправа по записникот од 18-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година образложение даде раководителката на одделението за финансирање и буџет Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Немаше никој пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2022 година повторно образложение имаше Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Немаше никој пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година и образложението од Марија Чурлинова Јорданова немаше пријавено за дискусија и беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година излагање имаше директорката на установата Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Таа даде забелешка дека загубата на ЈП е 4 000 000 денари, односно 1 345 000 денари повеќе од лани. Наплатата претходната година била 80%, а оваа година не е прикажана сигурно е иста. По кажувањето на вработените финансиската состојба во ЈП е многу лоша, тие немаат земено плата 3 месеци. Дали е тоа поради лошото менаџирање, дали поради пренатрупаност на долгови, но факт е дека се врши тортура на вработените. Во приходната страна се ставени движните ствари и донациите кои се добиени од Општина Валандово и јапонската амбасада што се околу 3 565 000 денари и ако ги одземеме од вкупните приходи кои се околу 28 000 000 што се околу 80% од оваа сума, остануваат околу 20 000 000 денари. Излегува дека од сите приходи кои ЈП ги собира не достигаат само за плати на вработените, а каде се другите трошоци. Рече дека тука треба надлежните институции да направат увид или да му се помогне на претпријатието да излезе од оваа кризна состојба. И праша како тоа има средства за плати за привремено вработените преку агенција, а нема за вработените на неопределено време.

117 398 денари е прикажан како кусок во касата, што значи тоа и дали не треба да се најде и да се врати. За ,,Селектирај отпад,, се издвојуваат средства за апликацијата околу 45 000 денари, има по неа трошок за гориво, а приходи нема, а вработените немаат земено плата 3 месеци. Треба да се измени статутот на ЈП и да може истото да си го продава отпадот и да остварува приходи од него. Праша уште колку е долгот за струја и дали тој се намалува. Минатата година беше 20 000 000, а сега е 29 000 000 што значи повеќе за 45% тоа значи дека обврските само се зголемуваат и дали има неисплатени тужби и како ќе се справува со нив.

Директорката на установата Емилија Заева Костова и рече на советничката Јулија Тушевска дека се мачи со правењето на оваа анализа на овој начин. Ја повика да се обрати до ЈП Комунален сервис и таму ќе ги добие сите релевантни податоци. За неистовремено плаќање на придонеси и плати на тие преку агенција и тие на неопределено е затоа што 2 200 000 денари е тешко да се соберат наеднаш. Таа упати апел до граѓаните редовно да си ги подмируваат сметките за да има доволно средства за подмирување на платите и другите трошоци, бидејќи доколку се наплатат сите побарувања ќе има средства за сите трошоци и вишок. Рече дека имаше две кризни години, една ковид и една енергетска криза, а одговорноста треба да се носи заедно. Упати апел за редовно плаќање на обврските и благодарност до редовните плаќачи. За долгот спрема ЕВН рече дека истиот изнесува 12 697 000 денари. Само за споредба даде пример за сметката за струја минатата 2021 година беше 1 100 000 денари, додека само за јули 2022 е 1 200 000 денари. Повторно рече дека доколку се соберат сите средства фирмата ќе биде многу јака и доколку не се стави ред ќе се пристапи кон присилна наплата.

За проектот ,,Селектирај отпад ,, рече дека не сфаќа зошто се критикува кога има пофални зборови од сите и сите имаме бенефит од тоа. Рече дека на депонијата има помалку стакло, хартија, пластика и таа запраша дали во училиштето во кое работи советничката се селектира отпад и ако не таа апелираше да почне се применува во сите образовни институции.

Јулија Тушевска го пофали проектот, но рече бидејќи ЈП е во тешка состојба и дека треба да се остваруваат приходи од него.Рече дека цело време го спомнува тоа дека таа работи во образование.Рече дека треба да се учат децата да бидат добри луѓе, бидејќи ретко се наоѓа човек и треба сите да се трудиме да го извлечеме најдоброто од сите и да бидеме добар пример и да не го омаловажуваме некого. Се гледа дека реално има проблем и луѓето немаат земено плата, приоритет треба да имаат вработените на неопределено време., а со воведувањето на електронското плаќање кое беше најавено и можеби со тоа ќе се стави ред и редовно ќе се плаќаат обврските.

Емилија Заева Костова реќе дека не и била намерата да некого омаловажува туку сака да ви каже дека ЈП иако е во тешка криза сепак е функционално претпријатие и си ги извршува своите обврски и повеќе од тоа. Рече деа и е криво за доцнењето на плата и се надева дека тоа ќе се надмине во наредниот период, но имаше и месеци кога се исплаќаа 2 плати во еден месец па

никој тоа не го коментираше..А за трошоците во износ од 45 000 на годишно ниво за здрава животна средина. смета дека се минимални и не треба да се кочат сите процеси туку да се вложиме сите не само да имаме средства за плаќање на трошоците туку за развој на претпријатието.

Градоначалникот Перо Костадинов зема збор. Даде забелешка за изразот ,,ваше,, претпријатие и рече дека тоа ЈП е формирано од Совет и е на сите граѓани на Општина Валандово, а не нечие. Рече дека советничката Јулија Тушевска можеше и требаше да дискутира со факти и да ги наведе:

-драстичен порастот на минималната плата;

-порастот на цената на струјата;

-пораст на цената на водата и комунални услуги во другите општини и со тоа ќе се покажеше конструктивност. За состојбата со ЈП дека е алармантна рече дека се дискутираше во ноември, декември и јануари и тогаш се вети дека треба да се сите да се погрижиме за истата да се надмине. Дискусијата не треба да се води политички за да се поентира, туку треба да се трудиме сите заедно да создадеме локална средина за сите. Рече дека ОВ можеше да се земе кредит и обврзници и се задолжат граѓаните за наредниот период, за 10-15 години, но не се направи ништо од тоа и се функционира со тешкотии и нови ингеренции, се превземаа нови населени места.. Рече дека за ,,Селектирај отпад,, трошоците во износ од 45 000 се минимални за една ваква прекрасна апликација на иднината. Во наредниот период граѓаните ќе добијат нови канти за селектирање на отпад. Во јули и август Општината по ЈПП имаше сметки од 100 до 200 000 денари, додека оваа година во јули и август за улично осветлување се плати 1 500 000 денари за што Општината правеше ребаланс. ОВ има најниска цена за вода во регионот и ако сте навистина сте загрижени за ЈП треба сами да побарате да се покачи цената на водата. ЈП Комунален сервис е на сите граѓани.

Јулија Тушевска се јави за контрареплика и рече дека погрешно се изразила, кажала ,,ваше,, а требало ,,наше,, ЈП. А за тоа што градоначалникот и приговара дека таа живеела во некој паралелен универзум, дека прави весела математика, значи дека ако некој нешто критикува реално тоа не му се допаѓа. За ,,Селектирај отпад,, рече дека е добар проект, но го спомнува тоа што нема приходи од него. За кусокот во касата рече дека не добила одговор од директорката.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор. Рече дека ЈП Комунален сервис прекрасно си ги извршува услугите, тоа се гледа на терен, но треба сите ние да се запрашаме каде е нашата одговорност кога по вашите анализи има приходи колку што се и трошоците. Рече дека сите гледаме дека немат земено 3 месеци плата,. а ги оставаме сами да се снаоѓаат. Спомна дека опозицијата гласаше против кога на минатите седници имаше минимално зголемување на цената на услугите. Рече дека ако сакаме да му помогнеме на ЈП треба да изгласаме покачување на услугите, бидејќи трошоците за плата се зголемени за 2 000 000 денари, за струја 2 000 0000, за гориво 650-700 000 денари. Рече дека очекува поддршка од опозицијата во наредниот период за зголемување на цените и така ќе се покаже дека се загрижени за ЈП. Целата

одговорност е на Советот, а не на директорката и вработените кои совесно си ги извршуваат работите.

Градоначалникот зема збор. Рече дека ако се одлучи да се покачи цената на услугите советничката Јулија Тушевска ќе критикува и со тоа нема да покаже дека се грижи за ЈП. Тој праша: дали минималната плата е иста од претходно, цената на горивото дали е иста, дали цената на струјата е иста и уште еднаш повика на заедничко работење за да се направи добро за нашата заедница. И тогаш ќе кажеме дека покажувате лажна загриженост за ЈП. Сите ние сме граѓани на оваа општина, а функциите ни се менливи и минливи.

Емилија Заева Костова за кусокот на благајната евидентиран со записник кој како документ го наследила кога дошла на функција и тој стои во благајната и треба да се книжи. И апелирање за во иднина да се консултира со вработени во ЈП, а не со надворешни лица.

Даде само некои споредбени показатели: износот за струја во 2021 година беше 3 600 000, додека во 2022 година е 8 000 000 денари,. Разликата само за струја е 1 730 000 денари. Износот за плати во 2021 година изнесуваше 11 923 000 денари додека во 2022 година 14 100 000 денари. Разликата е 2 174 000 денари. Вкупната разлика е 3 906 000 денари и еве ја загубата на ЈП од 4 135 000 денари. Тоа е реалната слика на ЈП.

За збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека од страна на градоначалникот повеќе пати беше спомнато дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ е против покачувањето на цената на водата и дека со покачувањето на цената наплатата е опадната. Неспорно е дека ЈП има поднесено претставката до регулаторната комисија за зголемувањето на цената на водата и тоа ќе се случи во догледно време, дали ние ќе гласаме или не, тоа ќе се усвои., но дали ќе се подобри наплатата или не која во моментот е 84% и истата ја генерира загубата во работењето од над 4 000 000 денари. Настрана е цената на струјата ,покачувањето на платите и генерално не е добра состојбата во работењето во ЈП. Не треба да се земаат дополнителни обврски бидејќи ќе се изгуби главната цел за која е формирано и може да дојде до губење на тие услуги кои граѓаните ги плаќаат. Рече дека мора да се поведе сметка и да се направат дополнително некои чекори кои ќе го подобрат работњето на ЈП.

Претседателот на Советот Владимир Марков зема збор и рече дека тоа што претходно го кажал сега начелно го рече и советникот Тоше Тодоров дека одговорноста заедничка без разлика како е да се гласа. Па праша зошто тогаш се обвинува кога не се поддржуваат никакви одлуки. Рече дека не ја разбира конструктивноста кога се носи Завршна сметка на буџетот на Општината, а никој не се јавува да дискутира по неа, иако таа е поважна и од Буџетот бидејќи тој е само план за работа, додека во Завршната сметка е дадено како тој план се реализирал. Рече дека не се дискутира по неа бидејќи ќе треба да се пофали за да се каже дека во 2022 година се отвори нова градинка, се направи канализација во Рабово и други помали проекти и истата советничката група на ВМРО ДПМНЕ не ја гласаше и покрај тоа што општината е во добра и стабилна финансиска состојба и има средства да ги сервисира услугите, нема заостанати обврски, а за ЈП Кпмунален сервис се глуми лажна загриженост, а кога ќе дојде на ред

покачување на цената, нема да се гласа и ќе се кажува дека тие се против тоа. Уште еднаш повтори дека одговорноста за состојбата со ЈП е кај членовите на Советот и сите треба да се погрижиме и да превземеме храбри чекори за да биде стабилно и да ги сервисира услугите во иднина.

Емилија Заева Костова замоли на состаноците да се доаѓа подготвено за дискусија и рече дека ниту постои, ниту ќе постои претставка до регулаторната комисија за зголемувањето на цената.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека добро е што се изгради нова детска градинка и канализација, но да се запрашаме колку деца имаме и дали се овде нашите сограѓани или се иселуваат од Валандово. А за тоа што не се јавивле за дискусија за рече дека за тоа се дискутираше претхдната седница пред еден месец.

Претседателот на Советот Владимир Марков за бројот на деца во градинките рече дека треба да се праша директорката на градинката, а за иселувањето на граѓаните тоа не е нешто ново, се случува во последните 10-15 години и ние сите имаме удел во тоа, поради квалитетот на образованието, судската власт и други работи, но рече дека сега тоа не е тема на дискусија.

Немаше други пријавено за дискусија па Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 1 ИЗЗЕМЕН.

ТОЧКА 5

По Завршна сметка на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2022 година немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 1 ИЗЗЕМЕН.

ТОЧКА 6

По Завршните сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2022 година образложение имаше директорката на училиштето Ташка Гетова.

Немаше пријавено за дискусија па истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 1 ИЗЗЕМЕН.

ТОЧКА 7

По Завршните сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2022 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше изгласана со 14 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Завршните сметки на ООУ„СтрашоПинџур” Јосифово за 2022 година образложение имаше директорот на училиштето Антонио Дилберов.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандовоза 2022 година образложение имаше директорката на градинката Марија Тодорова Занова.

Немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2023 година излагање имаше Анита Трајкова вработена во одделението за урбанизам и комунални дејности во Општина Валандово.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Предлог – Одлука за одобрување на средства на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за набавка на CNC Laser 6040 немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за одобрување на средства за финансиска поддршка за реализација на проектот – нова модна колекција на брендот ZANOV – "NOCTURNAL" немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Со ова беше исцрпен дневниот ред па беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

1.Анита Коцева

Осветлувањето на улицата Страшо Пинџур во Јосифово веќе подолг период не е целосно, не свети половина улица, иако е пријавено до надлежните и се дискутираше на претходната седница на Совет. Праша до кога граѓаните ќе бидат во темница? Рече дека знае дека одговорот ќе биде дека е енергетска криза и има рестрикции, но во другите населени места светат преку една канделабра, а овде не светат на ред сите.

Градоначалникот рече дека ова прашање не треба да биде поставено на Советот туку директно во општината, но рече дека ќе се провери каде е проблемот и ќе се реши истиот.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Владимир Марков